**ДП.бр.12-4-4/21**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав: Славица Ацовска извршител, како Претседател на ДК при КИРСМ, Гордана Џутеска извршител, член известител на ДК при КИРСМ, Весна Богдановска судија на Основен граѓански суд Скопје, Јусуф Ајрулахи судија на Апелационен суд Скопје и Арбер Исаку член на Совет на Јавните обвинители на РСМ, како членови на ДК при КИРСМ и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-199 од 19.11.2020 година на Министерството за правда на РСМ, во отсуство на извршителот, по одржан главен претрес на ден 08.02.2021 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител А.П. од С. именуван за подрачјето на Основен кривичен суд С. и Основен граѓански суд С.

**ЗАТОА ШТО:**

1. Извршителот А.П. не ги чувал списите од предмет И.бр.2081/2013 во својата канцеларија, со адреса ул.„Б.И.“ бр.--- во С. на денот на надзорот, 08.10.2020 година;
2. Извршителот А.П. од С., на денот на надзорот 08.10.2020 година на овластените лица од Министерството за правда не им овозможил пристап до предметните списи за извршниот предмет И.бр.2081/2013, кој бил цел на надзор и целокупната евиденција со што извршителот постапил спротивно на член 55 став 4 од Законот за извршување;
3. Извршителот А.П. од С., на денот на надзорот 08.10.2020 година не постапил по барање на Министерството за правда, не ги доставил побараните докази од електронската евиденција за извршниот предмет И.бр.2081/2013, ниту пак истите ги доставил до Министерството за правда во рок од 3 дена од денот на спроведениот надзор, како што било определено во записникот за надзор; и
4. Извршителот А.П. од С. не го овластил заменикот- извршител К. К. од С. да располага со неговата редовна и посебна сметка, со што извршителот постапил спротивно на член 50 став 6 од Законот за извршување.

Со дејствијата опишани под точка 1 од изреката извршителот А.П., сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 12 од Законот за извршување:„извршителот не ја чува службената евиденција и списите по предметите во својата канцеларија”; со дејствијата опишани под точка 2 од изреката извршителот А.П. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: „ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“; со дејствијата опишани под точка 3 од изреката, извршителот А.П. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: „извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“ и со дејствијата опишани под точка 4 од изреката, извршителот А.П. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 14 од Законот за извршување:„ извршителот не му издава овластување на заменик извршител за располагање со неговата редовна и посебна сметка“па согласно член 62 став 1 точка в) од Законот за извршување („Службен весник на Република

Македонија“ бр. 72/16, бр.142/16, 233/18 и 14/20), на извршител А.П.од С., му се изрекува дисциплинска мерка,

**ПАРИЧНА КАЗНА**

-во висина од ------- евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на ден на изрекување, за сторена дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 12 од Законот за извршување: „извршителот не ја чува службената евиденција и списите по предметите во својата канцеларија “, за дејствијата опишани под точка 1 од изреката на ова решение;

-во висина од ------- евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на ден на изрекување, за сторена дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување:„ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“ за дејствијата опишани под точка 2 од изреката на ова решение;

- во висина од ------- евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на ден на изрекување, за сторена дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување:„ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“ за дејствијата опишани под точка 3 од изреката на ова решение; и

- во висина од --------- евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на ден на изрекување, за сторена дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 14 од Законот за извршување:„ извршителот не му издава овластување на заменик извршител за располагање со неговата редовна и посебна сметка“ за дејствијата опишани под точка 4 од изреката на ова решение.

Врз основ на четири утврдени поединечни дисциплински мерки, парична казна од ----- евра во денарска противвредност; парична казна од ---- евра во денарска противвредност; парична казна од ---- евра во денарска противвредност и парична казна од ----- евра во денарска противвредност, на извршителот А.П. од С. му се одмерува и определува **единствена дисциплинска мерка, парична казна во висина од ---------- евра во денарска протввредност** според средниот курс на Народната Банка на Република Северна Македонија на денот на изрекувањето**.**

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот А.П. од С., паричната казна во висина од ---------- евра да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението, а под страв на присилно извршување.
Ова Решение е конечно.
Евентуално поведен управен спор пред надлежен суд не го одлага извршувањето на ова решение.

*Образложение*

На ден 09.12.2021 година до Комората на извршители на РСМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-199 од 19.11.2020 година поднесен од страна на Министерството за правда против извршителот А.П. од С. врз основа на Извештај од извршен надзор УПП бр. 09-199 од 22.10.2020 година и Записник од извршен надзор УПП.бр.09-199 од 08.10.2020 година спроведен од страна на овластени лица (овластена

комисија) од Министерството за правда. Министерот за правда со Решение УПП бр.09-2187/2020 од 05.10.2020 година донесено врз основ на член 54 и 54-а од ЗИ ги овластил државните советници од Секторот за извршување, нотаријат и медијација А. П.- советник и С. В.- советник да спроведат надзор над работата на извршител А.П. од С. Надзорот бил спроведен на ден 08.10.2020 година со почеток во 11 часот во канцеларијата на извршителот А.П. на ул. „Б. И.“ бр.------ во С.

Предлогот за поведување дисциплинска постапка УПП.бр.09-199 од 19.11.2020 година од Министерството за правда на РСМ поднесен е против извршител А.П. од С. со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 12, со наводи дека сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 и со наводи дека сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 14 од Законот за извршување: „извршителот не ја чува службената евиденција и списите по предметите во својата канцеларија“;„ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“ и „ извршителот не му издава овластување на заменик извршител за располагање со неговата редовна и посебна сметка“.

Точка еден од Предлогот е со наводи дека извршителот А.П. не ги чува списите од предметот И.бр. 2081/2013 во неговата канцеларија која е со адреса пријавена и регистрирана во Комората, со што сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 12 од Законот за извршување, извршителот не ја чува службената евиденција и списите по предметите во својата канцеларија.

Точка два од Предлогот е со наводи дека извршителот А.П. на овластените лица од Министерството за правда за надзор над неговото работење по конкретниот предмет И.бр.2081/2013 на денот на надзорот 08.10.2020 година не им овозможил пристап до предметните списи и целокупната евиденција, со што постапил спротивно на член 55 став 4 од ЗИ, и сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5 од ЗИ, односно извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзорот.

Во точка три од предлогот се наведува дека извршителот сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 од ЗИ, со тоа што извршителот по извршниот предмет И.бр.2081/2013 по барање на Министерството за правда не доставил доказ од електронската евиденција за наведениот предмет за тоа како е извршена распределбата на средствата од должникот пристигнати на неговата посебна сметка ниту пак точна пресметка за тоа колку останува да должи должникот за наплата на побарувањето ниту пак истите докази ги доставил во рок од 3 дена со кој бил задолжен на записник од страна на овластената комисија која на ден 08.10.2020 година извршила вонреден надзор над работењето на извршителот по извршниот предмет И.бр.2081/2013.

Точка четири од предлогот е со наводи дека извршителот А.П. од С. не го овластил заменикот извршител К. К. од С. да располага со неговата редовна и посебна сметка, со што извршителот постапил спротивно на член 50 став 6 од Законот за извршување и сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 14 од Законот за извршување, односно извршителот не му издава овластување на заменик извршител за располагање со неговата редовна и посебна сметка.

Министерството за правда сметајќи дека извршителот А.П. од С. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5, алинеја 12 и алинеја 14 од Законот за извршување предлага Дисциплинската комисија при КИРСМ да поведе дисциплинска постапка за

утврдување на дисциплинска одговорност на извршителот А.П., а за сторените дисциплински повреди да му изрече соодветна дисциплинска мерка согласно со одредбите од Законот за извршување.

А.П. од С., на ден 07.12.2020 година по електронски пат и по писмен пат бил уредно известен од страна на Стручната служба на КИРСМ дека е доставен до Комората, Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-199 од 19.11.2020 година на Министерство за правда, и било побарано согласно член 8 ст.6 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка во рок од 8 дена од приемот да се произнесе и да достави одговор и докази до Комората. Извршителот А.П. до денот на одржување на главен претрес, не се произнесе со одговор по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-199 од 19.11.2020 година на Министерство за правда и не достави докази до Комората. Исто така, извршителот А.П. е уредно известен за денот и часот на одржување на главен претрес, 08.02.2021 година во --- часот, со Покана бр.12-4-4/3 од 01.02.2021 година испратена по пошта со препорачана пратка и по електронски пат на официјалната е-маил адреса на извршителот. Извршителот отсуствува од главен претрес и не го најави или оправда своето отсуство.

Дисциплинската комисија при КИРСМ на одржан главен претрес на ден 08.02.2021 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-199 од 19.11.2020 година на Министерство за правда на РСМ, (во оригинал) доставено до Комората по пошта на ден 09.12.2020 година;
- Извештај УПП бр.09-199 од 22.10.2020 година на Министерство за правда на РСМ;
- Записник УПП бр. 09-199 од 08.10.2020 година на Министерство за правда на РСМ;
- Решение за овластување на државни службеници да спроведат надзор над работата на извршител А.П. УПП бр.09-199 од 05.10.2020 година;
- Известување од извршител К. К. од С. до Министерство за правда од 15.10.2020 година;
- Претставка од М. М., примена во Министерство за правда на ден 06.12.2019 година;
- Произнесување по претставка за предмет И.бр.2081/2013 од извршител А.П. од ден 10.02.2020 година;
- Барање за спроведување извршување врз основ на извршна исправа, до извршител А.П., од доверител Тутунска Банка АД Скопје, против должник М. М. од Скопје, заведено под И.бр. 2081/2013;
- Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, УПДР бр.415/13 од 31.05.2013 година на нотар С. Ш. од Скопје;
- Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка И.бр.2081/2013 од 02.09.2013 година на извршител А.П. од С.;
- Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.2081/2013 од 17.09.2013 година, до МВР-СВР Скопје од извршител А.П. од С.;
- Налог за извршување врз основ на чл.86 ст.1 од ЗИ, И.бр.2081/2013 од 17.09.2013 година на извршител А.П. од С.;
- Налог за извршување врз основ на чл.129 од ЗИ, И.бр.2081/2013 од 29.06.2016 година на извршител А.П. од С.;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.2081/2013 од 20.07.2016 година на извршител А.П. од С.;
- Потврда И.бр.2081/2013 од 23.08.2016 година на извршител А.П. од С.;
- Барање за дополнување на одговор од Министерство за правда до извршител А.П., УПП. бр.09-199 од 05.08.2020 година;

- Одговор на барање УПП.бр.09-199 од 05.08.2020 година доставено од извршител А.П. од С. до Министерство за правда на ден 03.09.2020 година (електронски);
- Известување од Министерство за правда УПП бр.09-541 од 17.12.2019 година до М. М. од С.;
- Барање одговор по претставка од извршител А.П., заведено во Министерство за правда под број УПП бр.09-541 од 17.12.2019 година;
- Достава на предлог за поведување на дисциплинска постапка до извршител А.П., ДП бр.12-4-7/2 од 07.12.2020 година;
- Вратено затворено плико со повратница од ПТТ, до Комората на ден 24.12.2020 година со назнака „не побарал";
- Достава на предлог за поведување на дисциплинска постапка од страна на КИРСМ до извршител А.П., во електронско сандаче на ден 03.12.2020 година и на ден 07.12.2020 година;
- Покана за главен претрес до извршител А.П. од С., бр.12-4-7/4 од 29.12.2020 година;
- Потврда за прием на покана за главен претрес од извршител А.П. од С., прием во електронско сандачи на КИРСМ, на ден 29.12.2020 година;
- Записник од седница на ДК при КИРСМ од ден 15.01.2021 година;
- Покана за главен претрес до извршител А.П. од С., бр.12-4-4/3 од 01.02.2021 година;
- Електронска достава на Покана за главен претрес за ден 08.02.2021година на официјалниот маил на извршител А.П. на ден 01.02.2021 година и повратна потврда за прием на поканата по електронски пат на ден 01.02.2021 година од страна на извршител А.П.;
- Лист од Приемна книга бр.8/21 за достава на покана за главен претрес по пошта со препорачана пратка до извршител А.П. од С. на ден 02.02.2021г.;
- Решение бр.09-2854/2 од 18.12.2020 година на Министерството за правда за престанок на должноста извршител на извршител А.П. од С. именуван за подрачјето на Основен граѓански суд С. и Основен кривичен суд С., по негоноро барање. Решението влегува во сила на 08.02.2021 година. Решението примено во КИРСМ на ден 24.12.2020 година;
- Барање информација од претседателот на ДК при КИРСМ до извршител К. К. по електронска пошта на ден 05.02.2021 година; и
- Достава на информација до КИРСМ од извршител К. К. по електронска пошта на ден 05.02.2021 година.

Дисциплинската комисија на КИРСМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, доказите доставени во прилог на предлогот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

До Министерството за правда била поднесена претставка од лицето М. М. против работата на извршител А.П. по предмет И.бр.2081/2013, и истата била заведена под УПП бр.09-199. Претставката била доставена на одговор до извршителот, но поради тоа што извршителот дал нецелосен одговор , било испратено дополнително барање од страна на Министерството за правда каде било побарано извршителот да се произнесе колку средства биле пристигнати на трансакциската сметка на извршителот, како е извршена распределбата на средства, како и колку останува да должи должникот за наплата на побарувањето на доверителот по предмет И.бр.2081/2013. Извршителот повторно до министерството за правда не ги доставил бараните податоци, поради што министерот за правда донел Решение УПП.бр.09-2187/2020 од 05.10.2020 година со кој ги овластил државните советници А. П. и С. В., да спроведат надзор над работата на извршител А.П. од С.. Овластена комисија, предходно

најавена, на ден 08.10.2020 година во 11 часот пристапила во канцеларијата на извршителот А.П. на ул. „Б. И." бр.---- во С., заради вршење на вонреден надзор на работата на извршителот. Видно од Записник УПП бр.09-199 од 08.10.2020 година, комисијата од извршителот го побарала на увид предметот И.бр.2081/2013 и побарала увид во електронската евиденција. Овластената комисија, констатирала на записник дека не е извршен увид во предметот и во електронската евиденција од причина што предметот И.бр.2081/2013 физички не е присутен во канцеларијата на извршителот, а од страна на извршителот А.П., биле известени дека не може да се спроведе увид во електронската евиденција поради технички причини односно дефект на системот и немање сигнал во извршителската канцеларија. На записник УПП бр.09-199 од 08.10.2020 година, било нотирано задолжението- извршителот А.П. во рок од 3 дена до архивата на министерствот да го достави на увид предметот И.бр.2081/2013 како и списи од елетронската евиденција: извод од сметка односно податоците колку средства се пристигнати на неговата трансакциска сметка по наведениот предмет до денот на приемот на барањето како е извршена распределбата на средствата од должникот пристигнати на неговата посебна сметка и уште колку останува да должи должникот по основ на главен долг, камата и извршни трошоци по предмет И.бр.2081/2013. Извршителот не постапил по задолжението дадено од страна на овластената комисија, во рок од 3 дена не ја доставил бараната документација од електронската евиденција, како и не го доставил на увид предметот И.бр.2081/2013. На ден 19.10.2020 година извршителот А.П. по електронски пат, до министерството за правда доставил фолдер со докази, но истите не се однесувале за предметот И.бр.2081/2013.

Со Решение на Министерството за правда бр.09-259/3 од 03.02.2020 година извршителот К. К. од С. е именуван за заменик на извршител А.П. од С.. Со известување од извршител К. К. од С., заведено во Министерството за правда бр.09-257/8 од 16.10.2020 година извршител А.П. од С. не го овластил извршител К. К. од С. да располага со неговата редовна и посебна сметка. Извршителот К. К. со известување доставено во Комората по електронски пат на ден 05.02.2020 година ја извести Комората дека до ден 05.02.2020 година не му е дадено овластување од извршителот А.П. да располага со неговата посебна и редовна сметка.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 1 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда: „ извршителот не ја чува службената евиденција и списите по предметите во својата канцеларија ", по член 65 став 1 алинеја 12 од Законот за извршување, на начин што извршителот А.П. на ден 08.10.2020 година не го доставил на увид предметот И.бр.2081/2013 на овластената комисија, бидејќи истиот не се наоѓал во неговата канцеларија. Видно од записник и извештај за спроведе надзор, извршителот иако бил уредно известен за денот и часот на вршењето на надзор, на ден 08.10.2020 година не го приложил на увид предметот И.бр.2081/2013 на овластената комисија, кога истиот го побарала а бил цел на вонреден надзор кој е спроведен во канцеларијата на извршителот на ул. „Б. И." бр.--- во С.. Согласно член 54 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување, Министерството за правда врши надзор над работењето на извршителите при што следи чување на службените списи и податоци.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, утврди дека извршителот А.П. од С. ја сторил повредата опишана во точка 2 од Предлог за поведување дисциплинска постапка, бидејќи извршителот на денот на надзорот 08.10.2020 година на овластените лица од Министерството за правда не им овозможил пристап до предметните списи за извршниот предмет И.бр.2081/2013, кој бил цел на надзор и на целокупната евиденција, видно од записник и извештај за спроведе надзор, со што извршителот постапил спротивно на член 55 став 4 од Законот за извршување.„ При вршењето на надзорот извршителот или претседателот на Комората, должни се да овозможат пристап до просториите, книгите, предметните списи и целокупната евиденција на извршителот, односно Комората и одговорат за точноста на податоците и списите презентирани при надзорот“ , и сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5 од ЗИ:„„ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“. Извршителот А.П. од С. на денот на надзорот, не дал писмени податоци за предмет И.бр.2081/2013, кој бил цел на надзорот.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, одлучувајќи по повод основаноста на сторената повреда опишана во точка 3 од Предлог за поведување дисциплинска постапка, утврди дека извршителот А.П. сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 5 од ЗИ:„„ извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзор“ , бидејќи на денот на надзорот не ги доставил до овластената комисија побараните докази од електронската евиденција за извршниот предмет И.бр.2081/2013 , ниту пак истите ги доставил до Министерството за правда во рок од 3 дена од денот на спроведениот надзор, како што бил задолжен на денот на надзорот. Извршителот по барање на Министерството за правда не доставил доказ од електронската евиденција за предмет И.бр.2081/2013 за тоа како е извршена распределбата на средствата од должникот пристигнати на неговата посебна сметка ниту пак точна пресметка за тоа колку останува да должи должникот за наплата на побарувањето ниту пак истите докази ги доставил во рок од 3 дена со кој бил задолжен на записник од страна на овластената комисија која на ден 08.10.2020 година извршила вонреден надзор над работењето на извршителот по извршниот предмет И.бр.2081/2013. Согласно предвиденото во член 5 став 3 од Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи (Службен весник на РМ бр.226 од 30.12.2016 година) канцеларијата на извршителот треба да има телефонска линија, интернет врска, квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати, компјутерски сервер и електронска опрема на која може да се чуваат и архивираат електронски документи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврдено време на чување, согласно Законот за архивски матерјал. Извршителот на овластената комисија не и дал податоци за целите на вршење на надзорот и покрај предвиденото во член 54 став 1 алинеја 7 и 14 од Законот за извршување:„Министерството за правда врши надзор над работењето на извршителите при што следи уредно и навремено водење на евиденција за надоместоците за обработка на предмет, трошоците, спроведените дејствија и награда на извршителот, како и за наплата на главниот долг, каматата на главниот долг и трошоците на постапката со камата, како и следи пренос на парични средства од реализираното извршување од посебната сметка на извршителот на трансакциската сметка на доверителот согласно член 36 став 5 од ЗИ“.Извршителот А.П. не ги доставил побараните докази од електронската евиденција за извршниот предмет И.бр.2081/2013, ниту пак истите ги

доставил до Министерството за правда во рок од 3 дена од денот на спроведениот надзор, како што било определено во записникот за надзор, со што постапил спротивно на член 9 од Правилник за начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на РМ и на извршителите (Службен весник на РМ бр.226 од 30.12.2016 година)„ Извршителот во периодот определен во записникот за надзор го известува Министерството за правда за преземените дејствија за отстранување на констатираните недостатоци и приложува доказ за постапувањето.“

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 4 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот А.П. ја сторил дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 14 од Законот за извршување:„ извршителот не му издава овластување на заменик извршител за располагање со неговата редовна и посебна сметка“ на начин што извршителот по именувањето на негов заменик, со Решение на министерство за правда бр.09-257/3 од ден 03.02.2020 година па се до ден 05.02.2021 година, не му издал овластување на заменикот К. К. од С. да располага со неговата редовна и посебна сметка, што е спротивно на член 50 став 6 од Законот за извршување, со кој е пропишано дека извршителот е должен истовремено со именувањето на неговиот заменик- извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно фунционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржини сите битни елементи на дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 12, 5 и 14 од Законот за извршување, ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот А.П. и согласно чл. 62 став 1 т.в) му изрече дисциплинска мерка, парична казна.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, на главен претрес го разгледа доставеното до Комората, Решение бр. 09-2854/2 од 18.12.2020 година на Министерството за правда со кое му престанува должност извршител на извршител А.П. од С., по негово барање, со датум на влегување во сила 08.02.2021 година, но истото немаше влијание за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, при определувањето на видот и висината на дисциплинската мерка ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителна околност дека извршителот предходно не е дисциплински казнуван и неговата здравствена состојба. Како отежнителни околности ДК при КИРСМ ги зема во предвид тежината на дисциплинската повреда, незаинересираноста на извршителот по однос на доставениот предлог за поведување на дисциплинска постапка, поточно околноста дека извршителот иако уредно известен за поднесен Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, не се произнесе по наводите од Предлогот, со одговор до ДК при КИРСМ и извршителот иако уредно поканет на главен претрес, не присуствуваше за да ја изнесе својата одбрана и не го оправда своето отсуство. Како отежнувачка околност ДК при КИРСМ го зема во предвид фактот што една година, канцеларијата на извршителот функционирала без извршителот А.П. да даде овластување на својот заменик К. К. да

располага со неговата редовна и посебна сметка, што во случај на спреченост на извршителот ќе довела до нарушување на редовното функционирање на работата на неговата канцеларија.

ДК при КИРСМ смета дека со изречената дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини Дисциплинската комисија при КИРСМ на ден 08.02.2021 година согласно чл. 58, чл.60 и чл.61 од Законот за извршување („Службен весник на Р. Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно член 62 став 1 точка в) в.в. со член 68 став 4 од Законот за извршување се задолжува обвинетиот извршител А.П. од С. да плати на име парична казна износ во висина ------------- евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители на РСМ бр.20000-------- во Стопанска Банка АД Скопје, во рок од 15 дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Претседател,
Славица Ацовска

________________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Министерство за правда на РСМ
Извршител А.П. од С.
Претседател на КИРСМ
Архива